SKALA School | FOUNDED BY DJOLEV AND THE ARTS

# АКАДЕМИИ ЗА ДИЗАЈН

## ПРАВИЛНИК ЗА СТУДИРАЊЕ

2023/24

## 1.ОРГАНИЗАЦИЈА

Образовните програми предмет на овој правилник се организирани и имплементирани од:

ЏОЛЕВ И УМЕТНОСТИТЕ е школа за дизајн и уметност којашто веќе дванаесета година по ред креира и организира програми во вид на академии и курсеви од обласа на дизајнот и уметноста и науките блиски на уметностите.

ИНСТИТУТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИЈА - ЗДРУЖЕНИЕ е основан со цел развој на прогресивни образовни системи и политики во креативните индустрии.

КОМПЈУТЕРСКИ ЦЕНТАР ДАТА и АКАДЕМИЈА ЗА ЕНТЕРИЕР И ПРОДУКТ ДИЗАЈН се основани со со цел имплементација на нови дигитални технологии во образовниот процес.

(во понатамошниот текст **„Академија или Академии“).**

## 2. СТУДЕНТ

Овој правилник за студирање е применлив на сите студенти запишани на Академските програми од генерацијата **2023/24 година** и тоа:

- Академија за графички дизајн,
- Академијата за визуелни уметности,
- Академијата за ентериер и продукт дизајн,
- Академија за моден дизајн,
- Академија за UX/UI + Дизајн.
- Академија за Фотографија.

Статус на Студент се стекнува со потпишување на Договорот за упис, од кој момент на Студентот му припаѓаат сите права и обврски наведени во овој Правилник.

(во понатамошниот текст „Студент“).

## 3. НАСТАВА

**Академијата има право и обврска:**
- да ја организира наставната програма на Академиите,
- да обезбеди ментори за реализација на наставната програма, од соодветната област и дејствување,
- да ја измени и прилагоди наставата програмата доколку утврди дека таквата промена е потребна поради моменталните околности, побарувања на пазарот, резултати од успешност на студентите,
- во зависност од програмата на дадениот предмет, да обезбеди материјали за известување на наставата во електронска форма,
- да ја прилагоди наставната програма и начинот на нејзино изведување во зависност од применливите правила и протоколи во моментот на нејзината реализација,
- да издаде сертификат и уверение за успешно завршена програма, согласно условите наведени во овој Правилник.

**Студентот има право и обврска да:**
• Да го почитува во целост кодексот за професионално однесување донесен од страна на Академијата.
• Редовно ја посетува наставната програма, да работи уредно на зададените задачи и проекти, во и тек на наставата,
• Во случај на подолго отсуство (подолго од 5 работни денови) да го извести координаторот на Академијата за причините и должината на отсуството,
• Студентот има обврска да одговори на барањата на Школата, согласно неговата стипендија.

## 4. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАСТАВА

Академијата го задржува правото да донесе одлука да реализира дел или целосната наставна програма online во текот на академската година.

Доколку применливо, наставата програма за online настава ќе биде соодветно прилагодена за таквиот начин за изведување на програмата.

## 5. МАТЕРИЈАЛИ И ОПРЕМА

Академијата им овозможува на Студентите фото и видео студио, таблети за цртање и 3Д принтери, цртачко и сликарско ателје и модно ателје. (во понатамошниот текст **„Опрема“**).

Целокупната Опрема може да биде користена од страна на Студентите во просториите на Академијата и надвор од наставата, со претходно закажување кај наставниот координатор.

Секое изнесување на Опремата од просториите на Академијата мора да биде побарано навремено и за истото се потпишува задолжување, со што Студентот е одговорен за уредно враќање на Опремата во исправна состојба. Секоја штета предизвикана на Опремата со несовесно користење, а особено користење надвор од просториите ќе биде надоместена од страна на Студентот.

Материјалите за работа на даден предмет се избор и обврска на Студентот.

## 6. ШКОЛАРИНА

Студентот има обврска навремено да врши уплата на школарината утврдена во Договорот за упис и да ги почитува датумите одредени за плаќање на утврдените рати.

Во случај на задоцнување на Студентот со покривање на утврдената школарина во период подолг од 15 денови, Академијата има право да достави до Студентот опомена пред прекин на студии. Доколку Студентот не ја плати школарината по доставената опоемна, а најдоцна по 5 денови, Академијата има право да го донесе Одлука со која ќе го прекине склучениот Договор за упис и студирањето на Студентот.

Одлуката за прекин на студиите ќе биде доставена до Студентот, кој има право да побара повторно вкучување во студиите, но само со целосно покривање на заостанатиот долг. Во случај на прекин на студиите, начинот на издавањето на сертификатот и уверението во случај на прекин на студиите е даден во точка 10 подолу.

## 7. ПЛАЌАЊЕ СО КРЕДИТИРАЊЕ

При плаќање на школарината Студентот може да користи можност за кредитирање од институција која ја нуди таа услуга и има соработка со Школата, при што правата и обврските во врска со земениот кредит, условите и динамиката за плаќање, како и можноста за раскинување на веќе одобрен кредит се утврдува искчучиво со посебен Договор помеѓу Студентот и Кредитната институција, во кој Школата не е договорна страна.

## 8. ГАРАНТ

Академијата го задржува правото, доколку студентот е:

• Малолетно лице, или
• Невработен.

Да побара Договорот за упис да биде потпишан од страна на Гарант, кој покрај Студентот ќе гарантира за исполнување на презенмените обврски од Договорот за упис за Студентот. Академијата го задружува правото доколку Студентот самостојно ја покрива школарината за соодветната Академија, да побара потврда за вработување, односно потврда дека студентот е во можност сам да ја плати школарината.

## 9. ПРЕКИН НА СТУДИИТЕ

**Прекин на студиите по барање на Студентот:**

Во случај Студентот од било која причина да се одлучи за прекин на програмата на Академиите, Студентот исплаќа надомест на Школарината согласно потпишаниот Договор за упис, освен доколку не се работи за оправдан случај на прекин, како што е предвидено подолу.

Како оправдан предвремен прекин на студиите се смета постоење на здравствена состојба на Студентот поради која истиот е оневозможен/а да продолжи да ги посетува студиите. Во ваков случај Студентот со барањето за прекин на студиите потребно е да достави соодветна здравствена документација (издадена од здравствена установа), која потврдува дека ученикот има сериозно нарушено здравје и истиот е оневозможен/а да го продолжи студирањето.

Академијата таквата документација ќе ја врати веднаш на Студентот по извршениот увид и од истите нема да задржи копија во никаква форма. Оваа информација ќе служи единствено за донесувањето на одлуката за прекин на студии, без понатамошно плаќање на утврдената Школарина, доколку до моментот на прекин Студентот уредно и редовно ја плаќал Школарината.

Доколку Студентот побарал прекин на студиите од други причини, со реализирани 70% од наставната програма, Студентот има обврска да изврши плаќање на целата школарина согласно склучениот Договор.

Доколку Студентот побарал прекин на студиите од други причини, пред да биде реализирана 70% од наставата, на Студентот ќе му биде доставена пресметка за часовите кои биле реализирани до моментот кога студентот го најавил прекинот во писмена форма, притоа истите ќе бидат пресметани по 12 евра за еден час во времетраење од 45мин. Вака доставената пресметка, Студентот има обврска да ја исплати во целост.

SKALA School | FOUNDED BY DJOLEV AND THE ARTS

Во случај на прекин на студиите по барање на Студентот од било која причина која не е здравствена, пред реализација на минимум 70% од наставната програма или не намирување целосно или делумно на обврската за плаќање од страна на Студентот, а согласно овој Договор, Студентот се согласува и прифаќа дека го губи правото за доделување на Сертификат и Уверение за завршена програма.

**Прекин на студиите по одлука на Академијата**

Академијата има право да ги прекине студиите на Студентот, со донесена одлука,ефективна веднаш, а во следните случаи:

• Студентот прекинал со уредно и навремено плаќање на школарината, согласно склучениот Договор за упис,
• Студентот го прекршил кодексот на професионално однесување на Академијата, или на било каков начин го нарушува мирот и дисциплината на студиите,
• По барањето на ментор / координаторот на Академијата, против студентот била започната дисциплинска постапка и по доставено предупредување Студентот не го подобрил однесување,
• Студентот со неговото однесување / дејствување на наставата придонесува попречување на успешно реализирање на наставната програма и го попречува процесот на учење на целата група.
• Студентот не ги исполнува обврските како стипендист, предвидени во овој правилник.

Доколку Академијата донела одлука за прекин на студиите, Академијата ќе достави до Студентот пресметка на часовите кои биле реализирани до моментот кога одлуката била донесена, притоа истите ќе бидат пресметани по 12 евра за еден час во времетраење од 45мин. Вака доставената пресметка, Студентот има обврска да ја исплати во целост.

Во случај на прекин на студиите согласно одлука на Академијата, Студентот има право да добие Уверение за посетувана Академија, во кое уверение ќе бидат наведени само предметите кои истиот ги посетувал, доколку применливо.

Пред поднесувањето на Одлуката за прекин на студиите, Академијата може да достави Опомена пред исклучување на Академијата по сопствено наоѓање, или може веднаш да донесе и да ја достави одлуката за прекин.

**Недоговорено откажување на студент од настава**

Во случај кога Студентот, без најава, нема да се појави на предавања на програма на која уредно се запишал, а за која Академијата резервирала уредно место во дадената група, по истекот на 10 работни термини ќе се смета дека Студентот се откажал од понатамошно студирање.

Во дадениот случај, Студентот нема право на поврат на уплатени средства, доколку применливо, а има право да ја контактира Академијата во било кое време и во рамките на уплатениот износ да се приклучи на наставата, но само до истекот на обуката на која се пријавил. Пресметката на дадените часови ќе се изврши согласно член 9, ст.1.

SKALA School | FOUNDED BY DJOLEV AND THE ARTS

## 10. РЕШАВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ

Било каков спор помеѓу Академијата и Студентот, ќе биде решен спогодбено. Академијата и Студентот се согласуваат доколку сами не успеат да го решат спорот, да побараат помош од медијатор, со чија помош спорот ќе биде решен повторно, спогодбено со постапка на медијација.

Во краен случај, надлежен за конечно решавање на спорот ќе биде Основниот Суд Скопје 2 Скопје.

Во Скопје, **2023** година